**Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип врз основа на Универзитетската повелба Еразмус+ бр. 256492-EPP-1-MK-EPPKA3-ECHE распишува Конкурс за Еразмус+ мобилности за вработени на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип.**

Конкурсот е отворен за:

- **6 мобилности за наставнички кадар;**
- **3 мобилности за административен кадар.**

Мобилноста во високообразовните институции во Европската Унија и во партнерските земји на ЕУ, трае најмалку 2 (два), а најмногу 5 (пет) работни дена. Мобилноста се остварува во рамки на потпишани Еразмус+ договори помеѓу Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип и универзитети/институции од земји од Европската Унија или од програмски земји во рамките на Еразмус + програмата. Мобилноста треба да се искористи заклучно до 31 јули 2025 година.

Условите за конкурирање за Еразмус+ мобилност за настава и за обука на Универзитетот „Гоце Делчев“ се следните:

**А) Услови за конкурирање за Еразмус + мобилност за настава и за обука:**

- Право на пријавување имаат сите вработени (наставнички, соработнички и административен кадар) на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- Апликантите треба да имаат солидно познавање на англискиот јазик или јазикот на земјата каде што аплицираат;
- Предност имаат кандидатите кои за прв пат аплицираат на програмата;
- Вработените кои конкурираат за Еразмус + мобилност за настава, потребно е да имаат отворен профил на ORCID и Google Scholar верифициран со службената електронска пошта и со афилијација на Goce Delcev University.

**Б) Потребни документи за конкурирање за Еразмус + мобилност за настава и обука:**

- Образец за селекција на вработени (наставнички кадар или администрација) за учество во Еразмус+ програмата испечатен и пополнет во два примерока;
- Писмо за прифаќање (Letter of acceptance) со потпис и печат од

странскиот универзитет каде што вработениот сака да ја изврши мобилноста;

- Образец Staff mobility for teaching или Staff mobility for training;
- Кратка биографија (CV).

**Важни информации**

Документација треба да биде соодветно пополнета согласно со пропишаниот јазик на образецот и во сите делови кои се барани согласно со образецот.

Документите се доставуваат лично до Одделението за меѓународна соработка.

**Одделение за меѓународна соработка**

**(Кампус 2)**

**Бул. „Крсте Мисирков“ 10-А, п. фах 201**

**2000 Штип, Р. Северна Македонија**

Апликациите испратени по електронски пат или подоцна од рокот наведен во Конкурсот нема да бидат разгледани.

**Конкурсот е отворен од 18 септември до 2 октомври 2024 година.**